

# ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКА МУЗИКА
# DAYS OF MACEDONIAN MUSIC

27.03
13.04
2017

години
СОКОМ



# ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКА МУЗИКА
# DAYS OF MACEDONIAN MUSIC

## 27.03 – 13.04 | 2017

**Организатор:**
**Сојуз на композиторите на Македонија**
**СОКОМ**

**Organizer:**
**Composers' Association of Macedonia**
**SOCOM**

**Уметнички одбор:**
Јана Андреевска
Панде Шахов

**Artistic Board:**
Jana Andreevska
Pande Shahov

Покровители:
Претседател на Република Македонија
д-р Ѓорге Иванов
Министерство за култура на Р. Македонија

Under the patronage of the:
President of the Republic of Macedonia
Gjorge Ivanov, PhD
Ministry of Culture of the Republic of Macedonia

МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**Д-Р ЃОРГЕ ИВАНОВ**

ecsa european composer & songwriter alliance



Почитувани вљубеници во музиката и во уметноста,

Дозволете ми во мое име и во име на граѓаните на Република Македонија да го честитам големиот јубилеј 70 години од основањето на Сојузот на композитори на Македонија како и 40. издание на манифестацијата „Денови на македонската музика“. Двојниот јубилеј покрај повод за прослава и за потсетување на генерациите македонски композитори кои оставија печат врз македонската современа музика и култура е и извонредна можност за иницирање нови активности и проекти и поттик за постигнување поголеми резултати.

Во изминатите седум децении СОКОМ беше собиралиште на македонските композитори и своевиден двигател на македонската авторска музика, а со тоа и крепост на македонската уметност и култура. За време на својата седумдесетгодишна работа, СОКОМ ревносно ја промовираше, негуваше и афирмираше македонската музика. Меѓу бројните активности, проекти, програмски содржини, иницијативи и различни видови ангажмани на СОКОМ, особено место зазема манифестацијата „Денови на македонската музика“ на која се изведуваат дела од македонски композитори и се збогатува културно-уметничката програма во нашата престолнина. И годинава на јубилејното 40. издание на „Деновите на македонската музика“ ќе имаме извонредни концерти и звучни имиња на македонската музика. Најтопло ѝ препорачувам на македонската публика да ги проследи грижливо одбраните програмски содржини со разновидна музичка понуда од врвни автори со извонредни исполнители, што несомнено ќе резултира со незаборавно музичко доживување.

Би сакал на сите членови на СОКОМ да им посакам уште многу успеси и долги години плодна и успешна работа.

Нека е честит јубилејот.

д-р Ѓорге Иванов



Речиси и да нема пример во светот, едно еснафско здружение да има такво значење за развојот на вкупната музичка и општа култура, како што е тоа Сојузот на композиторите на Македонија (СОКОМ) за македонската музичка и општа култура. Само сплетот на историските околности, величината и, следствено на тоа - авторитетот на неговите членови, и нивниот самопрегор и чувство за сопствената општествена одговорност можат да бидат делумно објаснување на тоа.

На пример, фактот што него го основаа тогаш, а и подоцна, најголемите имиња на македонската творечка и исполнителска музичка култура (беше основан во мугрите на раѓањето на модерната македонска држава, во јануари 1947 година, како „Друштво на музичарите на Македонија“), како што беа Скаловски, Кочко, Д. Ѓ. Шпато, Смокварски, Гајдов, итн., беше објаснување како сите „рожби“ на македонските музички институции, - Филхармонијата, Операта, Музичкото училиште, „Танец“, Фолклорниот институт, па, подоцна, Охридското лето, Факултетот за музичка уметност, МБУЦ и речиси сѐ друго од областа на музичката култура, беа во директна врска со СОКОМ и со неговите членови. Или, фактот дека речиси сите промисли, сите расправи, сите решенија за идниот развој на младата македонска музичка култура во кој и да е дел најнапред, или на крајот, беа предмет на разгледување на форумите на тогашното Здружение и неговите членови. Треба да се погледнат сите монографии, алманаси, публикации и слично издавани по повод годишнините на најзначајните македонски музички (и други) институции, фестивали, оркестри, ансамбли, состави, па да се види дека во секоја од нив посебно значење и благодарност му се оддава или на некој од најистакнатите членови на СОКОМ, или на целото Здружение.

Или, нека се земаат дејностите. На пример издавачката. Над 2000 издадени наслови на музичка литература - нотни изданија, десетици книги напишани од македонските музиколози и композитори, над 100 носачи на звук и слика (плочи, видео касети ЦД), десетици зборници од научни симпозиуми, триесетина броја на единственото стручно списание кај нас „Музика“ (на македонски и англиски јазик) го прават СОКОМ неприкосновено најголем издавач од овој вид во Македонија. Или - концертната. Со своите речиси 1000 концерти и концертни приредби станува споредлив со нашите најголеми исполнителски национални ансамбли и институции. Голем број од нив како дел од двата меѓународно афирмирани фестивали - „Деновите на македонската музика“ (од 1978) и „Струшката музичка есен“ (од 1975) со кои СОКОМ се вивнува високо на небото на афирмацијата на македонското музичко творештво и музикологија. Или меѓународната соработка и

афирмација на Македонија надвор од земјава. Десетици концерти во странство, соработка со најголемите европски асоцијации, ECSA - Европска алијанса на композитори и  сонг-рајтери, ECPNM - Европската конференција на промотори на нова музика, ECF - Европскиот форум на композитори, БМИН - Балканска музичка информативна мрежа, безброј изведби на дела од македонски композитори иницирани или организирани од СОКОМ. И издадени од најголемите светски издавачи: „Петерс“ од Лајпциг, или „Музика“ од Москва, на пример.

Сето ова го прави СОКОМ посебен феномен, не само во македонската култура, ами и во светски размери. А, речиси и да не ги спомнавме имињата на најистакнатите негови членови, нивните неколку илјади композиции од сите жанри, нивниот придонес во педагогијата на сите нејзини нивоа, нивните ученици кои денес се носители на дејноста на сите музички институции во Македонија. Нивните стотици високи стручни и општествени признанија, меѓу кои и десетиците државни награди за посебен придонес во развојот на македонската култура и држава. Нивните високи и одговорни функции (декани, директори на стручни образовни институции, директори на национални институции, раководители на оркестри и ансамбли, уредници во Македонската радио-телевизија, двигатели на музичката продукција итн.).

И затоа, кога денес велиме дека сè, или речиси сè во македонската музичка култура во изминативе седум децении тргнувало, минувало или завршувало од СОКОМ, тоа не е само реторичко преувеличување во пресрет на еден значаен јубилеј. И кога во прилог на тоа, во прилог на стремежот да се стигнат и дофатот на највишните достоинства на музичката култура, велиме дека СОКОМ бил призмата низ која се прекршувале сите битни зраци на нашата музичка сегашност и иднина, бил местото во кое се ковале плановите за творештво и изведби, во кои се вкрстувале копјата на сите полемики за да можат, преку мноштвото стручни трибини да се претворат во вруток на прогресивни идеи што ќе ја водат и воведат македонската музичка култура кон досегањето на дострелите на многу поразвиените култури и држави, ние всушност само даваме опис на еден возбудлив седумдецениски пат. Пат којшто, без никаков сомнеж, веќе го продолжуваат денешните наследници на своите славни предци, - основоположниците на СОКОМ и пишувачите на најсветлите страници на македонската музичка култура.

Марко Коловски



# ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКА МУЗИКА
# DAYS OF MACEDONIAN MUSIC

27.03
13.04
2017

## ПРОГРАМА
## PROGRAMME

20.00
часот

Понеделник, 27 март 2017 | Македонска опера и балет

# СВЕЧЕНО ОТВОРАЊЕ
# OPENING CONCERT




Светска премиера | Македонска премиера | Добитник на награда на конкурсите на Министерството за култура за новосоздадени дела

## „АПОКАЛИПТИКУМ“

### Концерт на Драган Даутовски

Ратко Даутовски - удиралки

## “APOCALYPTICUM”

### Concert of Dragan Dautovski

Ratko Dautovski - percussion



МАКЕДОНСКА ОПЕРА И БАЛЕТ

**20.00 часот** | Среда, 29 март 2017 | Музеј на град Скопје



# Концерт на ансамблот КонТемпора

## Маријана Јаневска

**ОСЦИЛАЦИИ за соло виолина (2013)**

Симон Поповски - виолина

## Маја Јовановска

**ДОРМАНТ за флејта, кларинет, пијано, виолина, виола, две виолончела и контрабас (2015)**

Катерина Бачевска - флејта, Игор Иванов - кларинет,
Марија Вршкова - пијано, Симон Поповски - виолина,
Бојан Талески - виола, Александар Котевски - виолончело,
Дејан Теодосиевски - виолончело, Динко Стипаничев - контрабас

## Филип Иванов

**СОНАТА за виолина и пијано (2015)**

Владимир Костов - виолина, Марија Вршкова - пијано

Светска премиера | Македонска премиера | Добитник на награда на конкурсите на Министерството за култура за новосоздадени дела

City Museum of Skopje Wednesday, March 29, 2017 20.00



# Concert of the ensemble ConTempora

## Marijana Janevska

**OSCILLATIONS for solo violin (2013)** ⊛ ⊛

Simon Popovski - violin

## Maja Jovanovska

**DORMANT for flute, clarinet, piano, violin, viola, two cellos and doublebass (2015)** ⊛ ⊛

Katerina Bachevska - flute, Igor Ivanov - clarinet,
Marija Vrshkova - piano, Simon Popovski - violin,
Bojan Taleski - viola, Aleksandar Kotevski - cello,
Dejan Teodosievski - cello, Dinko Stipanichev - doublebass

## Filip Ivanov

**SONATA for violin and piano (2015)** ⊛ ⊛

Vladimir Kostov - violin, Marija Vrshkova - piano

Ensemble ConTempora

⊛ Светска премиера | ⊛⊛ Македонска премиера | ⊛ Добитник на награда на конкурсите на Министерството за култура за новосоздадени дела

20.00
часот

Среда, 29 март 2017 Музеј на град Скопје



# Концерт на ансамблот КонТемпора

## Ангел Спироски

**ИТЕРАЦИЈА за кларинет, виолина, виолончело, контрабас, удиралки и пијано (2015/16)** ✱ ✱

Игор Иванов - кларинет, Симон Поповски - виолина,
Дејан Теодосиевски - виолончело, Динко Стипаничев - контрабас,
Влатко Нушев - удиралки, Марија Вршкова - пијано

## Никола Коларовски

**ТРАНСЦЕДЕНТАЛЕН УНИСОН за соло флејта (2015)** ✱ ✱

Катерина Бачевска - флејта

## Никола Крстевски

**АНАМОРФНИ РЕФЛЕКСИИ за хорна, виолончело и пијано (2016)** ✱

Горан Јанев - хорна, Александар Котевски - виолончело,
Марија Вршкова - пијано

Ensemble ConTempora

✱ Светска премиера | ✱ ✱ Македонска премиера | ✱ Добитник на наград на конкурсите на Министерството за култура за новосоздадени дела

City Museum of Skopje | Wednesday, March 29, 2017 | 20.00

# Concert of the ensemble ConTempora

## Angel Spiroski

**ITERATION for clarinet, violin, cello, doublebass, percussion and piano (2015/16)** ⊛ ⊛

Igor Ivanov - clarinet, Simon Popovski - violin,
Dejan Teodosievski - cello, Dinko Stipanichev - doublebass,
Vlatko Nushev - percussion, Marija Vrshkova - piano

## Nikola Kolarovski

**TRANSCENDENTAL UNISON for solo flute (2015)** ⊛ ⊛

Katerina Bachevska - flute

## Nikola Krstevski

**ANAMORPHIC REFLECTIONS for French horn, cello and piano (2016)** ⊛

Goran Janev - French horn, Aleksandar Kotevski - cello,
Marija Vrshkova - pijno




⊛ Светска премиера | ⊛ ⊛ Македонска премиера | ⊛ Добитник на награда на конкурсите на Министерството за култура за новосоздадени дела

**20.00** часот | **Сабота, 1 април 2017** | **Дом на АРМ**



# Концерт на Биг Бендот на ЗЏМ
## (Здружение на џез музичари и слободни уметници)
## Диригент: Џијан Емин

**Владимир Николов**
ПРОМЕНЛИВИ ПЕЈЗАЖИ (2014) ✱ ✱

**Владимир Николов**
LET RING (2016) ✱ ✱

**Кокан Димушевски**
ЛАМИНА (2016) ✱ ✱

**Антонијо Китановски**
„М“ БЛУЗ (2016) ✱ ✱

**Драган Ѓаконовски - Шпато**
ПОЗДРАВ ДО ОРКЕСТАРОТ (1950)

**Александар Џамбазов**
БАЛАДА ЗА ШПАТО (1987)

**Кире Костов**
АКВАРЕЛ

**Александар Пејовски**
ЛУЃЕ (2010)

**Живојин Глишиќ**
РАЗДЕНУВАЊЕ (1986)

✱ Светска премиера | ✱ ✱ Македонска премиера | ✱ Добитник на наградa на конкурсите на Министерството за култура за новосоздадени дела

Army Hall Saturday, April 1, 2017 20.00



# Concert of the Big Band of ZJM

## Conductor: Dzhijan Emin

### Vladimir Nikolov
CHANGING LANDSCAPES (2014) ⊛ ⊛

### Vladimir Nikolov
LET RING (2016) ⊛ ⊛

### Kokan Dimushevski
LAMINA (2016) ⊛ ⊛

### Antonio Kitanovski
“M“ BLUES (2016) ⊛ ⊛

### Dragan Gjakonovski - Shpato
SALUTE TO THE ORCHESTRA (1950)

### Aleksandar Dzhambazov
BALLADE FOR SHPATO (1987)

### Kire Kostov
AQUARELLE

### Aleksandar Pejovski
PEOPLE (2010)

### Zhivojin Glishik
DAWN (1986)

⊛ Светска премиера | ⊛⊛ Македонска премиера | ⊛ Добитник на награда на конкурсите на Министерството за култура за новосоздадени дела

**20.00 часот** | Понеделник, 3 април 2017 | Македонска опера и балет - Мала сцена

# Концерт со акузматична музика

## со танцов перформанс во кореографија на Елена Антонова-Петровиќ во изведба на ученици и студенти по современ танц од МБУЦ „Илија Николовски-Луј“ и Факултетот за музичка уметност - Скопје



### Кокан Димушевски
СВЕТИЛНИЧАРОТ (2016) ✻ ✻

### Влатко Георгиев
MODULATOR ADDICT (2014) ✻ ✻

### Дарија Андовска
APOPTOSIS - A BRIEF HISTORY OF SMALL DEATHS (2016) ✻ ✻

### Андреј Блажевски
ЛАДНО УНИШТУВАЊЕ (2016) ✻ ✻

МАКЕДОНСКА ОПЕРА И БАЛЕТ

МБУЦ Илија Николовски-Луј

Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ

✻ Светска премиера | ✻ ✻ Македонска премиера | ✻ Добитник на награда на конкурсите на Министерството за култура за новосоздадени дела

Macedonian Opera and Ballet - Small Stage Monday, April 3, 2017 20.00



# Concert of acousmatic music

## with dance performance choreographed by Elena Antonova-Petrovic with the participation of pupils and students of contemporary dance of DMBUC “Ilija Nikolovski-Luj” and the Faculty of Music - Skopje

### Kokan Dimushevski

THE LIGHTHOUSE KEEPER (2016) ✻ ✻

### Vlatko Georgiev

MODULATOR ADDICT (2014) ✻ ✻

### Darija Andovska

APOPTOSIS - A BRIEF HISTORY OF SMALL DEATHS (2016) ✻ ✻

### Andrej Blazhevski

COLD DESTRUCTION (2016) ✻ ✻

✻ Светска премиера | ✻✻ Македонска премиера | ✻ Добитник на наградa на конкурсите на Министерството за култура за новосоздадени дела

20.00
часот

Вторник, 4 април 2017 Македонска опера и балет - сала Империјал



# Концерт по повод 80-годишнината на Благој Цанев

Камерен оркестар „Солисти на ФМУ“
Диригент: Борјан Цанев
Солист: Дино Имери - пијано

ЛЕНТО за гудачки оркестар (1996)

КОНЦЕРТ за пијано и гудачки оркестар (1999-2000-2003)
солист: Дино Имери - пијано

ПАСАКАЉА И ПАЈДУШКА за гудачки оркестар (2007)

ДЕВЕТ МИНИЈАТУРИ за гудачки оркестар
(орк.Борјан Цанев, 2002)



Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ

* Светска премиера | * * Македонска премиера | * Добитник на награда на конкурсите на Министерството за култура за новосоздадени дела

Macedonian Opera and Ballet - Imperial Hall Tuesday, April 4, 2017 20.00

# Concert on the occasion of the 80th anniversary of the composer Blagoj Canev



Chamber Orchestra "Soloists of FMU"
Conductor: Borjan Canev
Soloist: Dino Imeri - piano

LENTO for string orchestra (1996)

CONCERTO for piano and string orchestra (1999-2000-2003)
Soloist: Dino Imeri - piano

PASSACAGLIA AND PAJDUSHKO for string orchestra (2007)

NINE MINIATURES for string orchestra (orch. Borjan Canev, 2002)



Светска премиера | Македонска премиера | Добитник на награда на конкурсите на Министерството за култура за новосоздадени дела

20.00 часот

Петок, 7 април 2017 | Музеј на град Скопје

# Концерт на Камерниот мешан хор ПРОАРС

## Диригент: Сашо Татарчевски

**Стојче Тошевски**
БИСЕРА (1970)

**Димче Николески**
РАПСОДИЈА (1964)

**Драган Шуплевски**
ЕЛЕГИЈА(1984)

**Стојан Стојков**
ПЕЧАЛБАРСКА (1984)

**Благоја Ивановски**
НИЕ СМЕ МЛАДИ (1952)

**Стефан Гајдов**
ПЕСНА ЗА ДЕЛЧЕВ ВОЈВОДА (1941)

**Властимир Николовски**
СЕЈМЕН СЕДИ (1949)

**Тодор Скаловски**
РАПСОДИЈА 2 (1945)

**Сотир Голабовски**
ДВА ОРЛА (1980)

**Вања Николовски**
КОЉО (2016) * *

**Трајко Прокопиев**
СВАДБАРСКА(1978)



* Светска премиера | * * Македонска премиера | * Добитник на награда на конкурсите на Министерството за култура за новосоздадени дела

City Museum of Skopje | Friday, April 7, 2017 | 20.00

# Concert of the choir PROARS



Conductor: Sasho Tatarchevski

**Stojche Toshevski**
BISERA (1970)

**Dimche Nikoleski**
RHAPSODY (1964)

**Dragan Shuplevski**
ELEGY (1984)

**Stojan Stojkov**
PECHALBARSKA (1984)

**Blagoja Ivanovski**
WE ARE YOUNG (1952)

**Stefan Gajdov**
A SONG FOR DELCHEV VOJVODA (1941)

**Vlastimir Nikolovski**
A GUARDIAN IS SITTING (1949)

**Todor Skalovski**
RHAPSODY 2 (1945)

**Sotir Golabovski**
TWO EAGLES (1980)

**Vanja Nikolovski - Gjumar**
KOLJO (2016) * *

**Trajko Prokopiev**
WEDDING SONG (1978)

* Светска премиера | * * Македонска премиера | * Добитник на награда на конкурсите на Министерството за култура за новосоздадени дела

20.00 часот | Сабота, 8 април 2017 | Музеј на град Скопје

# Концерт на Гудачкиот квартет АНТАРЈА - Полска

Барбара Мглеј - виолина, Елжбјета Мудлаф - виолина,
Магдалена Хмјеловјец - виола, Јакуб Гајовник - виолончело

## Ивана Стефановиќ (Србија)
СВИРИ ГО СТРИНДБЕРГ (1993) ✱✱

## Исидора Жебељан (Србија)
ПОЛОМКА КВАРТЕТ (2009-2011) ✱✱

## Брина Јеж (Словенија)
ЕСТАМПИА (2017) ✱✱

## Уршка Помпе (Словенија)
„...СТУДЕНИТЕ ПРСТИ НА ДОЖДОТ...“
за гудачко трио (2016) ✱✱

## Санда Мајурец (Хрватска)
УТРИНСКИ ХАРМОНИИ (2017) ✱✱

## Лаура Мједа Чуперјани (Хрватска)
STRINX (2010) ✱✱

## Валентина Велковска-Трајановска
ПРЕОБРАЗУВАЊЕ (2006)

## Јана Андреевска
„СОКОЛ ЛИ СУМ, БУРА ИЛИ БЕСКРАЈНА ПЕСНА?“
за гудачки квартет (2006/2015)



✱ Светска премиера | ✱✱ Македонска премиера | ✱ Добитник на наградa на конкурсите на Министерството за култура за новосоздадени дела

City Museum of Skopje | Saturday, April 8, 2017 | 20.00

# Concert of the ANTARJA String Quartet - Poland

Barbara Mglej - violin, Elzbieta Mudlaff - violin,
Magdalena Chmielowiec - viola, Jakub Gajownik - cello

## Ivana Stefanovic (Serbia)

PLAY STRINDBERG (1993) ✱✱

## Isidora Žebeljan (Serbia)

POLOMKA QUARTET (2009-2011) ✱✱

## Brina Jež (Slovenia)

ESTAMPIE (2017) ✱✱

## Urška Pompe (Slovenia)

“....RAIN'S COOL FINGERTIPS...”
for string trio (2016) ✱✱

## Sanda Majurec (Croatia)

HARMONIES DU MATIN (2017) ✱✱

## Laura Mjeda Čuperjani (Croatia)

STRINX (2010) ✱✱

## Valentina Velkovska-Trajanovska (Macedonia)

THE TRANSFIGURATION (2006)

## Jana Andreevska (Macedonia)

AM I A FALCON, A STORM,
OR AN UNENDING SONG?
for string quartet (2006/2015)



mdw universität für musik und darstellende kunst wien

✱ Светска премиера | ✱✱ Македонска премиера | ✱ Добитник на наград на конкурсите на Министерството за култура за новосоздадени дела

**20.00** часот | **Понеделник, 10 април 2017** | **Музеј на град Скопје**

# Концерт на Ансамбл НУОВЕ МУЗИКЕ - Италија

Роберто Бокјо - кларинет, Леонардо Боеро - виолина, Гаетано Насило - виолончело, Алесандро Марангони - пијано

Солисти: Луици Скифано - контратенор и Благој Нацоски - тенор

## Симона Симуноска

ТРИ МИНИЈАТУРИ за соло кларинет (2014) ❋

## Гоце Коларовски

ТРИ ПРЕЛУДИУМИ за виолина и пијано (1997)

## Властимир Николовски

ТЕШКОТО за виолончело и пијано (1973)

## Дамјан Темков

ОХРИДСКА ПАСТРМКА за соло пијано (2015)

## Анцело Инглезе

СЕДУМ ПЕСНИ ЗА СВЕТЛИНАТА И ПРАШИНАТА
на стихови од Никола Мациров (2014) ❋❋





❋ Светска премиера | ❋❋ Македонска премиера | ❋ Добитник на награда на конкурсите на Министерството за култура за новосоздадени дела

City Museum of Skopje | Monday, April 10, 2017 | 20.00

# Concert of Ensemble NUOVE MUSICHE - Italy



Roberto Bocchio - clarinet, Leonardo Boero - violin,
Gaetano Nasillo - cello, Alessandro Marangoni - piano

Soloists: Luigi Schifano - countertenor and Blagoj Nacoski - tenor

## Simona Simunoska

THREE MINIATURES for solo clarinet (2014) ✻

## Goce Kolarovski

THREE PRELUDES for violin and piano (1997)

## Vlastimir Nikolovski

TESHKOTO for cello and piano (1973)

## Damjan Temkov

OHRID TROUT for solo piano (2015)

## Angello Inglese

SEVEN SONGS OF LIGHT AND DUST
on the lyrics of Nikola Madzhirov (2014) ✻✻

✻ Светска премиера | ✻✻ Македонска премиера | ✻ Добитник на награда на конкурсите на Министерството за култура за новосоздадени дела

**20.00** часот | Вторник, 11 април 2017 | Музеј на град Скопје

# Концерт на Ансамблот ХОРИЗОНТЕ - Германија



Данте Монтоја - флејта
Мерве Казокоглу - кларинет
Хелене Шиц - харфа
Марајке Нојман - виолина
Марија Пахе - виола
Хауке Сивертсен - виолончело,
Јорг-Петер Митман - водач и обоа

## Петер Ган (*1971)

МЕШАН ПЕЈЗАЖ (2016)
ар. за харфа, флејта, кларинет, виолина и виолончело ⊛⊛

## Ѓакинто Шелси (1905-1988)

ВИНОЖИТО (1973) за двајца гудачи ⊛⊛

## Томе Манчев (*1950)

ДД ... за соло флејта (2002)

## Драгослав Ортаков (1928-2007)

ГУДАЧКО ТРИО БР.3 (2001)

## Салваторе Скјарино (*1947)

ПАУН ШТО МУ СВИРКА НА ЕДЕН КОС (1980) за флејта и харфа ⊛⊛

## Томислав Зографски (1934-2000)

ЕЛЕГИЈА за флејта, харфа и виолина op.138 (1998-99)

## Jean-Luc Darbellay (*1946)

МИТОС (2013) за шест изведувачи ⊛⊛

ЗДРУЖЕНИЕ ДРУШТВО ЗА МАКЕДОНСКО-ГЕРМАНСКО ПРИЈАТЕЛСТВО И СОРАБОТКА-СКОПЈЕ
VEREIN GESELLSCHAFT FÜR MAZEDONISCH-DEUTSCHE FREUNDSCHAFT UND ZUSAMMENARBEIT-SKOPJE

⊛ Светска премиера | ⊛⊛ Македонска премиера | ⊛ Добитник на награда на конкурсите на Министерството за култура за новосоздадени дела

City Museum of Skopje | Tuesday, April 11, 2017 | 20.00



# Concert of the Ensemble HORIZONTE - Germany

Dante Montoya - flute
Merve Kazokoglu - clarinet
Helene Schütz - harp
Mareike Neumann - violin
Maria Pache - viola
Hauke Siewertsen - cello
Jörg-Peter Mittmann - leader and oboe

## Peter Gahn (*1971)

VERMISCHTE LANDSCHAFT (2016)
arr. for harp, flute, clarinet, violin and cello ✻✻

## Giacinto Scelsi (1905-1988)

ARC EN CIEL (1973) for two strings ✻✻

## Tome Manchev (*1950)

DD...for flute solo (2002)

## Dragoslav Ortakov (1928-2007)

STRING TRIO Nr.3 (2001)

## Salvatore Sciarrino (*1947)

FAUNO CHE FISCHIA A UN MERLO (1980) for flute and harp ✻✻

## Tomislav Zografski (1934-2000)

ELEGY for flute, harp and violin op.138 (1998-99)

## Jean-Luc Darbellay (*1946)

MYTHOS (2013) for six players ✻✻

Ministerium für Familie, Kinder, Jugend, Kultur und Sport des Landes Nordrhein-Westfalen

GOETHE INSTITUT

✻ Светска премиера | ✻✻ Македонска премиера | ✻ Добитник на награда на конкурсите на Министерството за култура за новосоздадени дела

**20.00**
**часот**

**Среда, 12 април 2017** | **Музеј на град Скопје**



# Концерт на ансамблот ХОРИЗОНТЕ - Германија

Данте Монтоја - флејта, Мерве Казокоглу - кларинет
Хелене Шиц - харфа, Марајке Нојман - виолина
Марија Пахе - виола, Хауке Сивертсен - виолончело
Јорг - Петер Митман - водач и обоа

## Вулнет Таири (*1982)

**ТРИО за обоа, кларинет и фагот (2015)** ⊛ ⊛

К. г. Марјан Милошевски - фагот

## Jérôme Combier (*1971)

**ЦРН НАЧИН за пет изведувачи (2006)** ⊛⊛

## Јорг-Петер Митман (*1962)

**LAMENTO музика со Монтеверди за седум изведувачи (2008)** ⊛⊛

## Malika Kishino(*1971)

**LAMENTO за виолина и виола (2011/14)** ⊛⊛

## Михаило Трандафиловски (*1974)

**ТРИ-О за флејта, виолина и пијано (2013)**

## Панде Шахов (*1973)

**ДВЕ НОКТУРНА за флејта, кларинет, труба, пијано, виолина, виолончело (1.Northern Star, 2.On Holmbury Hill) (2003/04)**

К.г. Кристина Светиева - пијано
К.г. Драганчо Младеноски - труба

ЗДРУЖЕНИЕ ДРУШТВО ЗА МАКЕДОНСКО-ГЕРМАНСКО ПРИЈАТЕЛСТВО И СОРАБОТКА-СКОПЈЕ
VEREIN GESELLSCHAFT FÜR MAZEDONISCH-DEUTSCHE FREUNDSCHAFT UND ZUSAMMENARBEIT-SKOPJE

⊛ Светска премиера | ⊛⊛ Македонска премиера | ⊛ Добитник на наградa на конкурсите на Министерството за култура за новосоздадени дела

City Museum of Skopje | Wednesday, April 12, 2017 | 20.00



# Concert of the Ensemble HORIZONTE - Germany

Dante Montoya - flute, Merve Kazokoglu - clarinet
Helene Schütz - harp, Mareike Neumann - violin
Maria Pache - viola, Hauke Siewertsen.- cello
Jörg-Peter Mittmann - leader and oboe

## Vulnet Tairi (*1982)

TRIO for oboe, clarinet and bassoon ✻ ✻

As guest: Marjan Miloshevski - bassoon

## Jérôme Combier (*1971)

MANIÈRE NOIRE (2006) for five players ✻✻

## Jörg-Peter Mittmann (*1962)

LAMENTO - music with Monteverdi for seven players (2008) ✻✻

## Malika Kishino (*1971)

LAMENTO (2011/14) for violin and viola ✻✻

## Mihailo Trandafilovski (*1974)

Tri-O for flute, violin and piano (2013)

## Pande Shahov (*1973)

TWO NOCTURNOS for flute, clarinet, trumpet,
piano, violin and cello (1.Northern Star, 2. On Holmbury Hill) (2003/04)

As guests: Kristina Svetieva - piano,
Dragancho Mladenoski - trumpet

Ministerium für Familie, Kinder,
Jugend, Kultur und Sport
des Landes Nordrhein-Westfalen

GOETHE INSTITUT

✻ Светска премиера | ✻✻ Македонска премиера | ✻ Добитник на награда на конкурсите на Министерството за култура за новосоздадени дела

20.00
часот

Четврток, 13 април 2017 Дом на АРМ

# Концерт на Македонската филхармонија

Диригент: Крис Расман (Велика Британија)

Солист: Гал Фаганел - виолончело (Словенија/САД)



## Мајкл Бакрнчев

НЕБЕСЕН ПОПРЕЧУВАЧ (2015) ✻✻

## Тома Прошев

КОНЦЕРТАНТНА МУЗИКА за виолончело и гудачи (1960)

## Кирил Македонски

СИМФОНИЈА БР.4 (III став) (1960)

## Ристо Аврамовски

СИМФОНИЈА БР.7 „ПРОЛЕТ“ од циклусот
„ЧЕТИРИ ГОДИШНИ ВРЕМИЊА“ - III став (1995)

✻ Светска премиера | ✻✻ Македонска премиера | ✻ Добитник на наград на конкурсите на Министерството за култура за новосоздадени дела

# Concert of the Macedonian Philharmonic





Conductor:
Kriss Russman
(United Kingdom)

Soloist:
Gal Faganel - cello
(Slovenia/USA)

## Michael Bakrnčev

SKY JAMMER (2015) ⊛⊛

## Toma Prošev

CONCERT MUSIC for cello and strings (1960)

## Kiril Makedonski

SYMPHONY Nr.4 (1960) (3rd movement)

## Risto Avramovski

SYMPHONY Nr. 7 “SPRING” from the cycle
“FOUR SEASONS” - 3rd movement (1995)

македонска филхармонија

UNIVERSITY OF NORTHERN COLORADO

## РАБОТИЛНИЦИ / ПРЕДАВАЊА / ПРЕЗЕНТАЦИИ

ПОНЕДЕЛНИК/ 10 АПРИЛ 2017/ 13.30-15.00
Факултет за музичка уметност - Скопје, просторија 2/7

**Ансамбл ХОРИЗОНТЕ:** ЗВУЦИТЕ НА „МИТОС И МОДЕРНАТА“

ВТОРНИК/ 11 АПРИЛ 2017/ 15.00 - 16.30
Факултет за музичка уметност - Скопје, просторија 3/2

**Крис Расман, композитор:**
КОМЛЕТИРАЊЕТО НА НЕДОВРШЕНАТА
ОРКЕСТАРСКА ФАНТАЗИЈА НА ЏОРЏ БАТЕРВОРТ

11, 12 и 14 АПРИЛ 2017

**ГАЛ ФАГАНЕЛ, виолончело:**
РАБОТИЛНИЦИ со студентите по виолончело
на Факултетот за музичка уметност - Скопје

## WORKSHOPS / LECTURES / PRESENTATIONS

MONDAY/ APRIL 10, 2017/ 13.30-15.00
Faculty of Music - Skopje, room 2/7

**Ensemble HORIZONTE:** THE SOUNDS OF “MYTHOS UND MODERNE”

TUESDAY/ APRIL 11, 2017/ 15.00 - 16.30
Faculty of Music - Skopje, room 3/2

**KRISS RUSSMAN, composer:**
COMPLETING GEORGE BUTTERWORTH'S UNFINISHED
ORCHESTRAL FANTASIA

APRIL 11, 12 and 14
**GAL FAGANEL, cello:**
WORKSHOPS with the students of cello
of the Faculty of Music - Skopje

## „Денови на македонска музика-2017”
## ги финансираат и помагаат:

Министерство за култура на Р.Македонија
Македонска опера и балет
Македонска филхармонија
Факултет за музичка уметност
Македонска Радио Телевизија

Гете институт
Музеј на град Скопје

## The „Days of Macedonian Music-2017“
## are financed and supported by:

Ministry of Culture of the Republic of Macedonia
Macedonian Opera and Ballet
Macedonian Philharmonic
Faculty of Music
Macedonian Radio & Television

Goethe Institut
City Museum of Skopje

The Composers' Association of Macedonia - SOKOM is founded in 1947 as a non-governmental and non-profitable organization of composers and musicologists.
Its main purpose is to promote the rich musical heritage, Macedonian composers and their music, raise their position in the society, instigate artistic creation and develop intercultural exchange.

SOKOM's main activities are:

### - Publishing –

SOKOM has published over 200 records, CDs, audio and video tapes with works by Macedonian composers, and also more than 2500 titles of music literature scores, professional and educational books byMacedonian composers and musicologists.

### - Concert activities –

SOKOM is a specialized concert agency that organizes concerts of classical and contemporary music. SOKOM is also one of the greatest promoters of Macedonian music in the country and abroad.

### - Festivals, conferences and music events –

SOKOM is organizer of the annual international festival “Days of Macedonian Music”, taking place at the end of March/beginning of April in Skopje. The festival offers a wide programme presenting numerous premieres of works by Macedonian and world composers. SOKOM also organizes “Struga Music Autumn”, an annual event held in September, consisting of a musicological conference and concerts of traditional Macedonian music. SOKOM is the main organizer of “Virtuosi” – an annual awards ceremony honoring achievements in the field of music and ballet performance, composition and publishing in Macedonia.

### - Ensemble ConTempora -

SOKOM is founder of the ensemble of contemporary music ConTempora. The ensemble counts 20 members and is dedicated to performance and promotion of new works by Macedonian and foreign composers.

### - International activities -

SOKOM collaborates and exchanges projects with many foreign organizations.
SOKOM is an active member of ECSA - European Composer and Songwriter Alliance, ECPNM - European Conference of Promoters of New Music.

---


Организатор:
Сојуз на композиторите на Македонија- СОКОМ
Претседател на СОКОМ:
Сони Петровски
Уметнички одбор:
Јана Андреевска
Панде Шахов
Соработник:
Валентина Велковска Трајановска
Техничка организација:
Лазар Мојсовски
Дојрана Прокопиева
Љупчо Дебарлиев

Дизајн:
Михајло Мотески
Печат:
Графосет ДЛ - Куманово

Контакт адреса:
Максим Горки 18,
1000 Скопје, Р. Македонија
тел/факс: ++389 (0) 2 31 19 824
e-mail: sokom@sokom.mk
www.sokom.mk

Organiser:
Composers' Association of Macedonia- SOKOM
President of SOKOM:
Soni Petrovski
Artistic Board:
Jana Andreevska
Pande Shahov
Assistant:
Valentina Velkovska Trajanovska
Technical organization:
Lazar Mojsovski
Dojrana Prokopieva
Ljupcho Debarliev

Design:
Mihajlo Moteski
Print:
Grafoset DL - Kumanovo

Contact address:
Maksim Gorki 18,
1000 Skopje, R. Macedonia
tel/fax: ++389 (0) 2 31 19 824
email: sokom@sokom.mk
www.sokom.mk

70 години
СОКОМ


**СОЈУЗ НА КОМПОЗИТОРИ НА МАКЕДОНИЈА**
Максим Горки 18, 1000 Скопје, Македонија
тел: + 389 2 3119-824
E-mail: sokom@sokom.mk
www.sokom.mk

**COMPOSERS ASSOCIATION OF MACEDONIA**
Maksim Gorki 18, 1000 Skopje, Macedonia
tel: + 389 2 3119-824
E-mail: sokom@sokom.mk
www.sokom.mk



МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

македонска филхармонија
Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ
GOETHE INSTITUT
МАКЕДОНСКА ОПЕРА И БАЛЕТ
МРТ МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА

Телма
Вечер
Дневник
Весник
НОВА МАКЕДОНИЈА
ВЕСТ
antenna 5
sky